РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-268/7
24.07. 2026 год.-viti
Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 66 седница одржана на 03.07.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Фармација", прв и втор циклус интегрирани академски студии (300 ЕКТС) на Факултет за здравствени науки при Меѓународен Универзитет „Визион" - Гостивар

1. Се акредитира студиската програма „Фармација", прв и втор циклус интегрирани академски студии (300 ЕКТС) на Факултет за здравствени науки при Меѓународен Универзитет „Визион" - Гостивар согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 300 ЕКТС кредити и со академски назив: Магистер по фармација / во меѓународен промет, академски назив: Master of Science in Pharmacy.

Научно–истражувачко подрачје: 3 Медицински науки и здравство; Научно–истражувачко поле: Други медицински науки/ Фармација; Научно–истражувачка област: 3.05.02.01 Фармацевтска хемија, 3.05.02.02 Фармакоинформатика, 3.05.02.03 Фармакогенетика, 3.05.02.04 Социјална фармација, 3.05.02.05 Имунохемија, 3.05.02.06 Историја на фармација, 3.05.02.07 Аналитика на лекови, 3.05.02.08 Применета хемија и фармацевтски анализи, 3.05.02.09 Фармацевтска ботаника, 3.05.02.10 Фармакогнозија, 3.05.02.11 Биофармација, 3.05.02.12 Фармацевтска биотехнологија, 3.05.02.13 Фармацевтска технологија со индустриска фармација и микро/нанотехнологија, 3.05.02.14 Применета биохемија, 3.05.02.15 Броматологија, 3.05.02.16 Фармацевтска токсикологија, 3.05.02.17 Друго.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 68 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По претходно донесената Одлука бр. 0201-683/02 од 29.12.2025 година од страна на Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Фармација", прв и втор циклус интегрирани академски студии (300 ЕКТС) на Факултет за здравствени науки при Меѓународен Универзитет „Визион" - Гостивар до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0306-50/01 од 29.01.2026 година (наш бр. 08–268/1 од 30.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 49-та седницата одржана на 13.02.2026 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08-268/6 од 07.07.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 66-та седница одржана на 03.07.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
проф. д-р Зоран Марков